**ЗАПИСНИК**

***од Шеснаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 30 август 2010 година, Уставна сала, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 11.07 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа: г-ѓа Марија Анхелес Гарсија де Лара, вршител на должноста амбасадор на Кралството Шпанија и г-ѓа Марина Курте политички советник во Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Александар Николовски, г. Кенан Хасипи, г. Андреј Жерновски, г. Тито Петковски г. Петар Поп Арсов, г-ѓа Флора Кадриу и г. Александар Спасеновски, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Васко Наумовски заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, претставниците на Советот: г. Дојчин Цветановски од Конфедерацијата на слободни синдикати, г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија, г. Слободан Антевски од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија, г-ѓа Љубица Нури од Стопанската комора на Македонија и г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

1. Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2010 за периодот 01.04.2010 - 30.06.2010 година.

Целта на Информацијата подготвена од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија е редовно да се информира Собранието на Република Македонија и соодветните собраниски тела, за степенот на спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

Информацијата го опфаќа вториот квартал на 2010 година т.е. периодот на реализација од 01.04.2010 година до 30.06.2010 година.

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Васко Наумовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, кој информираше дека во вториот квартал од 2010 годината, Владата на Република Македонија има усвоено 56 закони од предвидените 106 планирани закони за 2010 година. Од нив 46 закони се донесени и објавени во "Службен весник на Република Македонија", додека 10 предлог закони се во Собраниска процедура. Во владина процедура или во фаза на меѓуресорска консултација има дополнително околу 20 закони.

Во однос на динамиката на усвојување на подзаконските акти, донесени и објавени во "Службен весник на Република Македонија", од вкупно планирани 373 подзаконски акти за 2010 година, усвоени се вкупно 123 акти, а дополнителни 70 поднесени акти се во владина постапка или во постапка на меѓуресорска консултација. Имајќи го предвид темпото на реализација на активностите во вториот квартал на годината, се очекува сите активности предвидени за 2010 година да бидат навремено реализирани.

На седницата на Советот со свои дискусии, сугестии, забелешки и препораки учествуваа г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Петар Поп Арсов, г-ѓа Флора Кадриу и г. Тито Петковски пратеници и членови на Советот, г. Димитар Мирчев, член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Александар Кржаловски претставник на Граѓанската платформа на Македонија и г. Слободан Антевски претставник од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции врз основа на расправата заклучи Владата на Република Македонија до Советот да достави информација за степенот на реализација на реформите во јавната и државната администрација. Исто така Секретаријатот за европски прашања до Советот да достави информација за процесот на превод на европските акти.

Седницата на Советот заврши во 13.17 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Шеснаесеттата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

30-3208/12
28.10.2010

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

**РАКОВОДИТЕЛ НА**
**СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

Изработил : Ј.Трпкова
Контролирал : И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска